ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 11-70/1
04.03.2024 год.
Штип

ИСТОЧЕН РЕГИОН
СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

Врз основа на член 2 став 1 алинеа 10 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр.02-206/1 од 29.06.2021 година, а во врска со член 4 став 1 алинеја 15, член 7 став 1 алинеа 6 и член 12 став 1 од Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион (од 2008 и од 2021 година) и член 28 став 1 алинеја 6 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.24/21 и бр.174/21), Советот за развој на Источен плански регион на седницата одржана на ден 04.03.2024 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година

### член 1

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година со Годишниот извештај за финансиското работење за 2023 година, кој е составен дел на Годишниот Извештај за работењето.

### член 2

Годишниот Извештај за работењето на Центарот, чиј составен дел е и годишниот Извештај за финансиското работење на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година, е составен дел на оваа Одлука.

### член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател,
Миле Петков

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-61/1
26.02 20 24 год.
Штип

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ
РЕГИОН

# Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година

Февруари 2024

**ПРЕДЛАГА:**
*Директор на Центарот за развој на Источен плански регион*

**ИЗГОТВУВА:**
*Центар за развој на Источен плански регион*

**УСВОЈУВА:**
*Совет за развој на Источен плански регион*

Врз основа на член 4 став 1 алинеа 15 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион (од 2008 година и од 2021 година), Центарот за развој на Источен плански регион го подготви следниот:

**Годишен извештај за работењето на**
**Центарот за развој на Источен плански регион**
**за 2023 година**

ОПШТ ДЕЛ

## I. ВОВЕД

Центарот за развој на Источен плански регион (ЦРИПР), согласно Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) во својство на правно лице е основан од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Источниот плански регион (**Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип**).

Центарот е регистриран на 26 мај 2008 година, започнува со работа од 1 октомври 2008 година.

Надлежностите и делокругот на работа на Центарот за развој се утврдени во член 30 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21).

Седиштето на Центарот е во Општина Штип, како единица на локална самоуправа со најголем број жители (член 26 став 7 од Законот за рамномерен регионален) на ул.„Ванчо Прке" број 119 кат 2, 2000 Штип, тел: 032/386-408, 032/386-409, е-маил: eastregion@eastregion.mk и веб страна www.eastregion.mk.

## [illegible]А НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА [illegible]ОСТ

2.1. *Директор*

Директор на Центарот за развој на Источен плански регион.

2.2 *Администрација*

А. Одделение за стратешко планирање и имплементација на проекти, поддршка на бизнис секторот и информатичко-комуникациска технологија

- Раководител на одделение
- Координатор за стратешко планирање и регионален развој
- Координатор за регионален развој и инвестициски проекти
- Соработник за поддршка на бизнис секторот, регионален развој и информатичко-комуникациска технологија

Б. Одделение за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси

- Раководител на одделение
- Координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси
- Соработник за административно-технички работи
- Хигиеничарка

В. Одделение за јавни набавки

- Раководител на одделение
- Координатор за јавни набавки

Центарот во 2023 година има вкупно 7 (седум) вработени. Шест се во редовен работен однос, еден директор кој се избира на четири години, три координатори за стратешко планирање и регионален развој, еден координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси, еден соработник за поддршка на бизнис секторот, регионален развој и информатичко-комуникациска технологија и едно лице ангажирано на определено време преку Привремена агенција за вработување на работно место координатор за стратешко планирање и регионален развој.

Бројот на вработените по работни места е: Директор – еден извршител (1), Координатор за стратешко планирање и регионален развој – четворица извршители (4), Координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси – еден извршител (1) и еден соработник за поддршка на бизнис секторот, регионален развој и информатичко-комуникациска технологија (1).

## <u>III. ПОРТФОЛИО НА [illegible] ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА [illegible] ПЛАНСКИ РЕГИОН</u>

*3.1 Услуги за поддршка на Советот за развој на Источен плански регион*

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

*3.2 Услуги за поддршка на Советот за социјална заштита на Источен плански регион*

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

*3.3. Услуги за поддршка на Меѓуопштински совет за управување со отпад во Источен плански регион*

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

*3.4 Услуги за општо информирање*

- Интернет страна: www.eastregion.mk , www.investineastregion.mk;
- Facebook: Centre for Development of the East planning region;
- Facebook: Regional social point in East planning region;
- Instagram: eastregion.mk;
- YouTube: East Planning Region;
- Поддршка на порталот: www.culturalbridge-cbc.org;
- Поддршка на порталот www.ipacbc-joint-future.org;
- Поддршка на порталот: www.cbc-green.com;

*3.5 Консултански услуги за подготовка и имплементација на проекти*

- Информирање за достапни фондови и отворени повици;
- Подготовка на предлог - проекти;
- Реализација на проекти;
- Фасилитирање партнерства;
- Советувања при имплементација на проекти.

*3.6 Обуки, работилници и услуги*

- Реализација на обуки и работилници;
- Организација и менаџирање на обуки од трети лица;
- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и надвор од него;
- Настани за градење свесност за Регионалниот развој;
- Изработка на извештаи и анализи од регионалниот развој.

<u>3.7 Услуги за промоција</u>

- Организирање на промотивни настани и учество на саеми и друг тип настани во име на регионот;
- Организирање на информативни денови за промоција на потенцијалите на регионот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот;
- Поддршка при учество на саеми и други манифестации.

*3.8 Лобирање*

- Лобирање за различни програми за засегнати страни од регионот;
- Лобирање за потребите на бизнис секторот.

*3.9 Поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија*

- Организирање на промотивни настани и советодавни информативни средби;

- [illegible]ирање дата база на податоци [illegible]ција на развојните потенцијали [illegible] општините и на планскиот регион;
- Интерактивен веб портал.

*3.10 Услуги за промоција на социјално претприемништво*

- Промовирање на социјални претпријатија;
- Поддршка за учество на саем за социјални претпријатија;
- Организација и средби помеѓу засегнати страни на национално и регионално ниво;
- Подигнување на свесност за социјално претприемништво.

*3.11 Зајакнување на регионот како атрактивна дестинација за еко туризам*

- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и пошироко;
- Градење на капацитети на општините за потенцијалите од развојот на еко туризмот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот.

## **I. Проект финансиран од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година**

Од Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година која се спроведува преку МЛС – БРР, за проектот **„Создавање на услови за развој на културен туризам во Источен плански регион - Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов" во Општина Виница"**, на 31.05.2023 година раскинат е Договорот за реконструкција со Изведувачот, наплатена е банкарска гаранција на износ од 1.443.723,00 денари.

На 12.09.2023 година започната е нова постапка за јавна набавка за доделување на Договор, која завршува со склучување на Договор за јавна набавка на работи за Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов" во Општина Виница на вкупна вредност од 19.777.546,00 денари.

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Создавање на услови за развој на културен туризам во Источен плански регион - **Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов" во Општина Виница"** | Во тек на реализација | 19.777.546,00 | МЛС – БРР, Општина Виница |

Градежните активности предвидени во рамки на проектот, од страна на изведувачот се очекува да бидат завршени заклучно со 15.05.2024 година.

**II. Проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој од Програмата за рамномерен рагионален развој за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година**

Согласно Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) и двогодишна Програма за изменување и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година (Сл. весник на РСМ бр. 84/2021), со Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 278/21, 284/21, 210/22, 226/22), на Центарот за развој на Источен плански регион му беа доделени вкупно 7 (седум) проекти од кои 5 (пет) проекти се целосно реализирани, а 2 (два) проекти се во фаза на реализација.

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Вкупен буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски пазар во Делчево – отворен и затворен дел (II фаза) | Реализиран проект | 28.570.654,89 | МЛС - БРР, Општина Делчево |
| 2. | Осветлување на дел на магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица | Реализиран проект | 6.313.007,98 | МЛС – БРР, Општина Македонска Каменица |
| 3. | Збогатување на содржините за рекреација во Источен регион – Смарт и авантуристички паркови во општините Штип и Кочани<br>**Дел 1** – Партерно уредување во склоп на објект Дом на млади – Штип<br>**Дел 2** - Реконструкција на градски парк Кочани | Реализиран проект | 10.614.387,87 | МЛС – БРР, Општина Штип, Општина Кочани |
| 4. | Подобрување на инфраструктурата за развој на туризмот<br>**Дел 1** – локален пат во Берово<br>**Дел 2** - доуредување на локалитет Лесново | Реализиран проект | 8.056.541,00 | МЛС – БРР, Општина Берово, Општина Пробиштип |
| 5. | Партерно уредување на рекреативен центар во туристичка населба Рамна река - Општина Пехчево<br>Фаза 1 | Реализиран проект | 6.667.737,00 | МЛС – БРР, Општина Пехчево |
| 6. | Енергетски ефикасен, пристапен и достапен објект за сите - општина Виница | Во тек на реализација | 12.933.323,00 | МЛС – БРР Општина Виница |
| 7. | Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион со ревизија | Во тек на реализација | 4.595.262,00 | МЛС – БРР, Општина Делчево и Општина Штип **Резервни средства** |

**III. Проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година**

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) и Програма за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година со Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони на Центарот за развој на Источен плански регион се доделени вкупно 5 (пет) договори за реализација на проекти („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 226/22 од 25.10.2022 година).

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Вкупен буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на условите за развој на манифестациски туризам - Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница | Реализиран | 14.773,120,00 | МЛС - БРР, Општина Виница |
| 2. | Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во ИПР<br>**Дел 1:** Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и **Дел 2:** Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село. | Дел 1: реализиран<br><br>Дел 2: Во тек на реализација | 13.116.902,00 | МЛС – БРР, Општина Карбинци, Општина Штип |
| 3. | Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – II фаза | Реализиран | 6.085.498.00 | МЛС – БРР, Општина Пехчево |
| 4. | Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река | Во тек на реализација | 11.368.248.00 | МЛС – БРР, Општина Зрновци |
| 5. | Подобрување на условите за развој на планинско-рекреативен туризам - Уредување на СРЦ Пониква | Во постапка | 8.799.287,00 | МЛС – БРР, Општина Кочани<br><br>**Резервни средства** |

## IV. Проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) и Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година, согласно Одлука за утврдување на Листа на предлог - проекти за развој на Источен плански регион од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година, бр.11-50/1 од 01.02.2023 година донесена од Советот за развој на Источен плански регион, Центарот за развој на Источен плански регион на 20.03.2023 година аплицираше 5 (пет) предлог – проекти, и тоа:

1. Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион;
2. Збогатување на туристичката понуда на Источниот плански регион;
3. Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион;
4. Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци – II фаза;
5. Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево.

Со Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година (Службен весник на РСМ бр. 247/23) и Исправка на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година (Службен весник на РСМ бр. 256/23), на Центарот за развој на Источен плански регион се доделени 3 (три) Договори за реализација на проекти во Источен плански регион, и тоа:

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Вкупен буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион; | Во постапка на јавна набавка | 30.818.579,00 | МЛС - БРР, Општините Виница, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица и Штип. |
| 2. | Збогатување на туристичката понуда на Источниот плански регион; | Во постапка на јавна набавка | 22.932.769,00 | МЛС – БРР, Општините Берово, Пехчево, Пробиштип и Штип |
| 3. | Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион; | Во постапка | 1.268.478,00 | МЛС – БРР, Општините Виница и Зрновци **Резервни средства** |

## Програма за рамномерен регионален развој за 2024 година со индикативно планирани средства за 2025 година

Во текот на 2023 година се спроведе процес на **„Регионални форуми во заедницата“** за избор на приоритетни области и регионални проекти за финансирање од **Програмата за рамномерен регионален развој за 2024 година со индикативни средства за 2025 година**, управувана преку Министерство за локална самоуправа и Биро за регионален развој.

Преку форумските сесии беа идентификувани 6 (шест) предлог-проекти т.е. приоритизирани 4 (четири) предлог – проекти кои ќе бидат аплицирани за користење на средства, рангирани согласно следниот приоритет:

1. „Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР)“;
2. „Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување“;
3. „Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот“;
4. Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион (изработка на комплетна техничка документација).

## VI. Аплицирани проект за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година - Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби

Согласно објавениот јавен повик од страна на Бирото за регионален развој во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година, до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој, Центарот за развој на Источен плански регион поднесе 1 (еден) предлог-проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби. Проектот ***„Промоција на културните, природните и духовните вредности на село Лесново, општина Пробиштип"*** со вкупен буџет од 1.089.000,00 денари беше позитивно оценет, меѓутоа поради недостаток на средства не беше поддржан за финансирање.

**Аплицирани проекти за финансирање од Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2023 година**

| Ред. број | Назив на проектот | Буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | „Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во ИПР" **„Рехабилитација на Долни бавчи со должина од 1.000 м и ширина 4,5 м во општина Делчево";** **Реализиран проект.** | 1.170.655,00 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| 2. | „Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во ИПР" за општините Берово, Македонска Каменица, Пробиштип и Штип. Вкупна должина од 5.150 м. | 8.521.547,00 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## VIII. Реализација на проекти за финансирање од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој

Од Повикот од 2015 година, проектот **„Изработка на УПС во Општините Кочани, Чешиново-Облешево, Карбинци, Пехчево, Зрновци и Македонска Каменица"** е целосно реализиран во 2023 година, со вкупен буџет на проектот од 22.886.095,00 денари, во 2023 година исплата во висина од 50% од вкупната вредност на Договорот или остаток од 915.061,00 денари.

| Ред. бр. | Назив на проектот | Буџет | Статус | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на УПС за села во ИПР за општините Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево | 11.149.014.00 | Усвоени сите 22 УПС | **Мерка 322** АФПЗРР Кофинансирање од страна на општини Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево; |

## **[illegible]зација на проекти финанси[illegible] Националниот буџет**

Иницијативата на Советот за развој на Источен плански регион која беше доставена до Владата на Република Македонија во 2019 година заедно со изработената Физибилити студија за воспоставување на ски центар на Царев Врв, беше прифатена и воспоставувањето на ски центар на Царев Врв е внесен во националниот план на стратешки приоритетни проекти.

На 23.06.2023 година се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Центарот за развој на Источен плански регион, Центарот за развој на Североисточен плански регион, општините Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Кратово и Крива Паланка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Врз основа на потпишаниот меморандум, Центарот за развој на Источен плански регион поднесе Барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за користење на средства од Програмата за поддршка на руралниот развој за 2023 година, за подготовка на основната планска документација.

По одобрените измени во Програмата (Сл. Весник на РСМ бр. 149 од 13.07.2023 година) Центарот е и официјално корисник на средства при што е добиено и официјално известување Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за одобрени средства во висина од 6.000.000,00 денари за „Ревизија, ажурирање и дополнување на постојната физибилити студија за Ски центар Царев Врв со идеен проект за изградба на ски центар Царев Врв".

| **Ред. број** | **Назив на проектот** | **Статус на проектот** | **Вкупен буџет** | **Извор на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Ревизија, ажурирање и дополнување на постојна физибилити студија за ски центар Царев Врв со идеен проект " | Во постапка | 6.000.000,00 | МЗШВ |

Во текот на 2023 година, Центарот за развој на Источен плански регион врз основ на потпишаниот Меморандум за соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за планирање на просторот за спроведување на проект од државен интерес за изработка на просторен план на Република Северна Македонија, спроведе повеќе активности за започнатиот процес во однос на собирање на расположлива документација од регионот и поддршка ан процесот.

Во текот на 2023 година, Центарот за развој на Источен плански регион активно учествуваше и го поддржа процесот за изработка на Националната развојна стратегија и зеде учество на експертските дебати за поврзаноста на НРС со просторното планирање и регионалниот развој.

Во текот на 2023 година Центарот за развој на Источен плански регион активно учествуваше во реализацијата на проектот „Воспоставување на систем за меѓурегионално управување со отпад" како поддржувач на процесот во координација со општините во состав на Источниот плански регион, МЖСПП и избраните економски оператори.

## X. ИНТЕРРЕГ VI - А ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2021-2027 година

Во рамките на ИНТЕРРЕГ VI - А ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија – Северна Македонија 2021-2027 година, на првиот повик за аплицирање со проектни концепти кои придонесуваат за постигнување на специфичната цел 1.2 **„Развој на атрактивен и целогодишен туристички производ преку интелигентни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“** на Територијалната стратегија, Центарот за развој на Источен плански регион, работеше на разработка на концептот **“Integrated development of distinctive cultural and close-to-nature tourism in East planning and Blagoevgrad region” (SERENE)**, „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград“, проектниот концепт е успешно аплициран на 24.07.2023 година и одобрен за изработка и поднесување на комплетна проектна апликација.

ЦРИПР за конкретниот повик спроведе активности за подетално информирање на апликантите во однос на потребната документација за првата фаза на аплицирање како и во однос на воспоставување на партнерства.

Во рамките на ИНТЕРРЕГ VI - А ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија – Северна Македонија 2021-2027 година, по третиот повик за поднесување на предлог - проекти за инвестициски проекти со реф. бр. 2021TC16IPCB007-2023-3, по Приоритет 1. Позелен прекуграничен регион, специфична цел 1.1. Подобрување на заштитата и зачувањето на природата, биодиверзитетот и зелената инфраструктура, вклучувајќи во урбаните подрачји и намалување на сите форми на загадување, Центарот за развој на Источен плански регион, работеше на разработка и аплицирање на предлог-проектот **“EcoScape: Трансформирање на урбаните делови со зелена инфраструктура”**, “EcoScape: Transforming of urban sites with Green Infrastructure”. Проектот е во постапка на мониторинг и преговори за финансирање.

ЦРИПР за конкретниот повик спроведе активности за подетално информирање на крајните корисници во однос целите и предлог - активностите за конкретниот повик, потребната документација за аплицирање и воспоставување на партнерства.

Во текот на 2023 година, Центарот за развој на Источен плански регион беше активно вклучен во подготовка на работните документи на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2021-2027 година и поддршка на информативните сесии и настани.

Ко-претседателство во Стратешкиот Одбор на Интегрираната Територијална Стратегија во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК 2021-2027 и членство во Заедничкиот комитет за следење на ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК 2021-2027.

## XI. Програма INTERREG ИПА АДРИОН

Во врска со објавениот јавен повик во рамки на ИНТЕРРЕГ ИПА АДРИОН Програмата, ЦРИПР заедно со уште 10 (десет) партнери од GR, IT, MON, ALB, SLO, BOS и SRB, работеше на предлог-проект за зајакнување на паметната мобилност, приоритетна оска 3, наслов на проектот **“Иновативна мека мобилност за поврзување на рурално-урбани туристичките области”, “Innovative soft mobility for rural-urban landscapes in tourism areas” softRURBike.**

Проектот е во фаза на евалуација.

## XII. Аплицирани и финансирани проекти од меѓународни извори на финансирање

| Ред. бр. | Назив на проектот | Буџет | Временска рамка | Носител / партнер | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза*** | | | | | |
| 1. | Организација и реализација на еден регионален форумски циклуси | 156.864,00 | 2023 | ЦРИПР | МЛС, СДЦ |
| 2. | Обука за Дигитизација, Дигитализација и Дигитална Трансформација<br>Спроведена дводневна обука за вработените во сите 8 (осум) ЦРПР. | / | 2023 | ЦРИПР | МЛС, СДЦ |
| 3. | Работилница на тема „Кост Бенефит Анализа", Анализа за трошоци и придобивки.<br>За вработените во ЦРИПР. | / | 2023 | ЦРИПР | МЛС, СДЦ |
| 4. | Обука за транспарентност и комуникациска стратегија.<br>За вработените во ЦРИПР. | / | 2023 | ЦРИПР | МЛС, СДЦ |
| 5. | Инвестициски проект Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица, Берово 4-та ламела **(градежни работи)** | 14.379.116,00 | 2023-2024 | ЦРИПР | МЛС, СДЦ, Општина Берово |
| 6. | Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица, Берово 4-та ламела **(набавка на сериски мебел и изработка на мебел)** | 2.050.160,00 | 2023-2024 | ЦРИПР | МЛС, СДЦ, Општина Берово |
| ***УНДП*** | | | | | |
| 1. | Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во ИПР | 4.900.000,00 | 2023-2024 | ЦРИПР 11 општини од ИПР | УНДП, БРР |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (ре[illegible] листа) | | | | |
| 2. | „Дигитализација на општински услуги"<br><br>Изработена платформа. Потпишан Договорот за МОС. Промоција на платформата. | 2.900.000,00 | 2022-2023 | ЦРИПР 11 општини од ИПР | УНДП, БРР |
| | | | | | |

## XIII. Активности на Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година

Со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, во текот на 2014 година формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамки на постојните Центри за развој на планските региони, кои треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет - целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет - зголемено мени на услуги и опфат на корисници.

Во текот на 2023 година Бизнис Центарот спроведе серија на активности сè со цел поддршка на бизнис секторот во регионот во насока на поттикнување на економскиот раст и развој на регионот. Како дел од активностите на Бизнис Центарот беа спроведени:

- Ажурирање на евиденцијата на развојните потенцијали на општините и на планскиот регион од значење за регионалниот развој;
- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за институции и фирми кои нудат услуги за развој на приватниот сектор (непрофитни, образовни, локални агенции и единици на владини агенции, консалтинг фирми, правници, сметководители и сл.);
- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за достапните „greenfield" и „brownfield" локации;
- Информативни објави за годишни активности на ФИТР, МЕ и останати институции за тековната 2023 година;
- Презентација на развојните потенцијали на ИПР и потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Општина Штип, Центар за развој на Источен плански регион и Стопанска комора на Македонија – Турција – МАТТО;
- Информации до МСП за отворени јавни повици за поддршка на бизнис секторот;
- Информативна објава за годишни активности на ФИТР за 2023 година;
- Ажурирање на интерактивниот веб портал: www.investineastregion.mk ;
- Ажурирање на facebook страната: Бизнис центар на Источен плански регион.

## XIV. Останати активности на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година

Во текот на 2023 година, Центарот за развој на Источен плански регион организираше и поддржа серија на обуки, информативни средби и работилници за потребите на Министерството за локална самоуправа, останатите линиски министерства, општините и останати агенции и институции.

**1. Програмата за прекугранична соработка ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК 2021-2027:**

- Поддршка во организација на Информативен ден – Обука на апликанти со проектни концепти за Повик 1 - Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони";
- Поддршка во организација на Информативен ден и Форум за пронаоѓање на партнери за Отворениот повик за инвестициски проекти под Приоритет 1 „Позелен пограничен регион" - ref. No 2021TC16IPCB006 – 2023-3;
- Ко-претседателство во Стратешкиот Одбор на Интегрираната Територијална Стратегија во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК 2021-2027;
- Учество во Заеднички комитет за следење на ИНТЕРРЕГ ИПА БГ-МК 2021-2027.

**2. Воспоставување на МОС, процес на дигитализација:**

- Завршување на процесот за воспоставување на меѓуопштинска соработка со потпишување на договор за меѓусебните права и обврски коишто произлегуваат од вршење на определени работи од страна на една општина за потребите на друга општина за спроведување на проектот „Дигитализација на општинските услуги" финансиран од УНДП и Бирото за регионален развој;
- Учество на тркалезна маса „Дигитална трансформација на општините: предизвици и можности", УНДП.
- Учество на Конференција за меѓународниот ден на жената на тема "Жените и дигитализацијата";
- Учество во Конференцијата „Go Green: Обезбедување дигитална еколошка одржливост " организирана од БРР во рамките на проектот финансиран од ЕУ „Компјутерската моќ станува зелена";

**3. Организација на регионални форуми, учество во работилници и обуки:**

- Организација на регионални форуми на заедницата за избор на проекти за финансирање во 2024/2025;
- Учество на јавна дебата за Законот за работни односи;
- Учествуво на работилница во рамки на проектот „Комарци- векторски предизвик по јавното здравје во Северна Македонија и пошироко", организирана од Центарот за јавно здравје – Скопје;
- Учество на работилница во рамки на проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образованието на возрасни организирана од МЛС";
- Учество на претставник од ЦРИПР на обука во Пенагос, Р. Шпанија на тема „Креирање на одржлива култура преку едукација на возрасни" за унапредување на развојот во руралните средини;
- Учество на работилница на тема „Интегриран локален развој во контекст на ЕУ интеграциите", организирана од УНДП;
- Учество на претставници од ЦРИПР во Обука за „мониторинг" базиран на резултати, како клучен елемент за сите видови проекти финансирани или кофинансирани од ЕУ;
- Учество на обука за лица кои работат на Interreg IPA програми во Софија, Р. Бугарија на тема "Building capacity for PO5: Approach to PLC";
- Учество на планирачка работилница за изработка на стратешки документи за ЛАГ Осогово;

- Учество на саемот ЛАГ Експо 2023 со цел за промовирање на локалниот развој;
- Учество на настан „Меѓународен ден на туризмот“ организиран од Министерството за економија, доделено признание за особен придонес во развојот на туризмот;
- Учество во јавна расправа за нацрт-Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2023-2026);
- Учество на претставникот од ЦРИПР, член на ЛЕСС Штип на „Средба за вмрежување и соработка со Локалните економско-социјални совети на општините Битола, Куманово, Струга, Тетово, Гостивар, Штип, Ресен, Кавадарци и Свети Николе;
- Учество на претставникот од ЦРИПР, член на ЛЕСС Штип во работилница на тема зелена транзиција;
- Учество на консултациите на Министерството за локална самоуправа во врска со подготовка на Акциски план за периодот 2024 - 2026 за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026;
- Учество на вработените од ЦРИПР на „Годишна планирачка и евалуирачка работилница со главните партнери на проектот“, „Одржлив и инклузивен РРР – II фаза“.

**4. Програмата за зачувување на природата – излезна фаза**

- Состанок на Управниот Одбор на Програмата за зачувување на природата - излезна фаза во општина Берово, на кој беа презентирани резултатите од поддржаните иницијативи (предлог-проекти) за агротуризам во Источен плански регион;
- Учество во состанокот во општина Кочани на Советот на засегнати страна за заштитеното подрачје Осогово;
- Учество на јавна расправа за ЗП Малешево;
- Учество на последна Седница на Управниот Одбор на „Програмата за зачувување на природата – излезна фаза“;

**5. Поттикнување на претприемништво**

- Учество на обука организирана од страна на Националната платформа за женско претприемништво на тема „Маркетинг и комуникација;
- Учество во работилница во рамки на проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образованието на возрасни“;
- Поддршка во процесот на организација на јавна расправа во врска со предлог - Законот за социјални претпријатија организирана од страна на Министерството за труд и социјална политика поддржа и помогната од проектот финансиран од Европската Унија „Поддршка на социјалните претпријатија“ и од Амбасадата на Република Полска;

**6. Подобрување на просторно и урбанистичко планирање**

- Поддршка на процесот за изработка на национален просторен план;
- Организација на работилници за изработката на национален просторен план;
- Одржани онлајн состаноци со заинтересирани страни за изработка на Просторниот план;

**7. Интегриран систем за управување со отпад и циркуларна економија**

- Редовни состаноци за тековни и идни активности во рамки на проектот за Воспоставување на меѓурегионален систем за управување со отпад;
- Состаноци поврзани со процесот на затварање на диви и нестандардни депонии;
- Работни состаноци во МЖСПП поврзани со изработка на урбанистичка планска документација за изградба на претоварни/трансфер станици во рамки на проектот за воспоставување на систем за регионално управување со отпад;

- Учество на работилница организирана од Асоцијацијата за посебни текови на отпад при Стопанската комора на Северна Македонија, на тема „Искуства и предизвици од имплементацијата на законите за посебни текови и управување со отпад“;
- Учество на работилница за јакнење на капацитетите на ЕЛС во процесот со управување со животна средина и социјални аспекти на државни службеници во институциите;
- Учество на претставник од ЦРИПР на Меѓународна работилница за одржлив развој на островите - Одржливо управување со отпад во Суѓураѓ, Шипањ, Република Хрватска;

**Спроведени јавни набавки од страна на Центарот за развој на Источен плански регион**

Во текот на 2023 година Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше следните постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки:

1. **Набавки од мала вредност:**

- Набавка на дизел гориво за службено патничко моторно возило – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V);
- Набавка на услуги од друштво за вршење сметководствени работи;
- Ангажирање на приватна агенција за вработување, заради вршење на привремени вработувања и/или посредување за вработување и
- Набавка на електрична енергија (спроведени две неуспешни постапки од 01.07.2023 година ЦРИПР премина во група на мал потрошувач).

2. **Поедноставена отворена постапка:**

- Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река, општина Пехчево, I и II фаза;
- Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница;
- Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река;
- Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион - електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала;
- Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион - поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село;
- Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица Берово, 4-та ламела, општина Берово;
- Реконструкција и адаптација на административна зграда на општина Виница, Дом на култура „Тошо Арсов" и Музеј Теракота – општина Виница;
- Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион;
- Вршење на ревизија на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион;
- Реконструкција на Дом на култура Тошо Арсов - Виница.

## XVI. Седници на Советот за развој на Источен плански регион

Центарот за развој на Источен плански регион во периодот јануари - декември 2023 година подготви и организираше **6 (шест) седници** на Советот за развој на Источен плански регион.

**На ден 01.02.2023 година во општина Берово, се одржа Деветтата Седница на Советот за развој на Источен плански регион**

На Седницата на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани и се донесени:

- Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година;
- Одлука за преотстапување на изграден објект „Реконструкција на градски парк - Кочани";
- Правилник за определување на траењето на годишниот и платениот одмор и случаите на користење на неплатено отсуство;
- Согласност за склучување на договор за отстапување на привремен агенциски работник за вршење на привремени работи / Известување за обезбедени финансиски средства;
- Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година;

**На ден 27.03.2023 година во општина Македонска Каменица, се одржа Десеттата итна Седница на Советот за развој на Источен плански регион**

На седница на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани и се донесени:

- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026 за 2022 година;
- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2022 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2022 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - II фаза" за 2022 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Културен мост низ вековите" за 2022 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина" за 2022 година;
- Одлука за одобрување на Образецот за евиденција на развојните потенцијали на планските региони од значење за регионалниот развој за 2022 година, пополнет од страна на Центар за развој на Источен плански регион;
- Одлука за преотстапување на изграден објект „Изградба на градски пазар во Делчево, отворен и затворен дел, (II) фаза";
- Согласност за вработување / Известување за обезбедени финансиски средства;

**<u>На ден 10.08.2023 година во општина Чешиново – Облешево се одржа Единаесетата Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>**

На седница на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани следните точки:

- Информација за тековни активности на Центарот за развој на Источен плански регион;
- Информација за склучување на Договор за заедничка реализација на проектот „Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион“;
- Информација за склучување на Договор за заедничка реализација на активноста „Одржување на агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина во ИПР“;
- Информација за склучување на Договор за дополнителни средства за финансирање на задачите и активностите на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година;
- Презентација за отворениот повик за инвестициски проекти по приоритет 1 „Зелен прекуграничен регион“ (реф. бр. 2021TC16IPCB006-2023-3) во рамки на Програмата INTERREG VI-A ИПА Бугарија – Северна Македонија;

На Седницата од страна на претставници од Ем Агриком беа презентирани продукти за третман на отпадна вода и цврст отпад на база на ЕМ технологија.

**<u>На ден 06.09.2023 година на виртуелната платформа ZOOM се одржа Дванаесетата Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>**

На седница на Советот за развој на Источен плански регион, беше разгледуван и усвоен Записникот од XI (Единаесетата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 10.08.2023 година и се донесе Одлука за развој, разработка и имплементација на проект “EcoScape: Трансформирање на урбаните делови со зелена инфраструктура”;

**<u>На ден 07.11.2023 година во општина Кочани се одржа Тринаесетата Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>**

На седница на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани и донесени:

- Одлука за преотстапување на изграден објект „Партерно уредување во склоп на објект „Дом на млади“ - Штип“;
- Правилник за плати и надоместоци на вработените во Центарот за развој на Источен плански регион;
- Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година;
- Одлука за усвојување на Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година;
- Избор на Претседател на Советот за развој на Источен плански регион;

**<u>На ден 22.12.2023 година се одржа Четиринаесетата итна Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>**

На седница на Советот за развој на Источен плански регион од страна на надворешениот експерт беа презентирани концепт решенијата, како фаза четири од начинот на организирање и спроведување на регионални консултации – форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони, за

финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2024 година со индикативно планирани средства за 2025 година и Советот донесе Одлука со која ги прифати.

На Седницата беа разгледани и донесени:

- Одлука за преотстапување на изграден објект „Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница“;
- Одлука за преотстапување на изграден објект „Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – I и II фаза“;
- Одлука за усвојување на Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година;
- Одлука за усвојување на Финансиски план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година;
- Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2024 година;
- Акционен план за 2024 година за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021 -2026 година;
- Согласност за склучување на Договор за отстапување на привремен агенциски работник за вршење на привремени работи / Известување за обезбедени финансиски средства;

**Изработил:**
Андреа Златковска
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
*Зујица Ангелова*

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ
Р Е Г И О Н

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2023 ГОДИНА

Февруари 2024

Врз основа на член 12 став 3 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источен плански регион (од 2008 година и од 2021 година), Директорот на Центарот доставува на усвојување Годишен финансиски извештај за работа на Центарот за развој на Источен плански регион до Советот за развој на Источен плански регион.

Основа за изработка на извештајот се:

1. Завршната сметка на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година и
2. Завршната сметка на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза" за 2023 година.

## ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Основна сметка: 880006116678918
ЕДБ: 4029008502164
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | ПРИХОДИ | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесен вишок на приходи од претходни години | 42.534.826,00 | 62.578.747,00 |
| 2. | Трансфер на средства од општините за тековно работење на Центарот | 728.365,00 | 1.216.380,00 |
| 3. | Трансфер на средства од МЛС согласно Договорот за соработка | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 4. | Трансфер на средства од МЛС согласно договорот за Бизнис Центарот | 400.000,00 | - |
| 5. | Приходи од менаџирање на проекти МЛС-БРР | 1.200.000,00 | 756.241,00 |
| 6. | Приходи од менаџирање на проекти општини | 531.619,00 | 1.267.405,00 |
| 6. | Трансфер на средства за реализација на проекти МЛС-БРР | 25.805.810,00 | 26.276.813,00 |
| 7. | Трансфер на средства за кофинансирање на проекти од општините | 11.998.646,00 | 19.930.622,00 |
| 8. | Трансфер на средства од МЗШВ за реализација на проекти | 2.022.712,00 | 1.170.855,00 |
| 9. | Трансфер на средства од АФПЗРР за реализација на проекти | - | 9.448.317,00 |
| 10. | Приходи од менаџирање на проекти, SDC, CBC, ЕУ | 572.705.00 | 104.056,00 |
| 11. | Останати приходи (наплата на гаранција, наплата на штета, и сл.) | 12.657.00 | 1.540.161,00 |
| 12. | Трансфер на средства од под-сметки на проекти | 4.708.526,00 | - |
| | **ВКУПНО:** | **91.715.866.00** | **125.489.598,00** |

(во денари)

| Ред. бр. | РАСХОДИ | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| 1. | Бруто плати и надоместоци | 4.325.571,00 | 4.386.981.00 |
| 2. | Патни и дневни расходи во земјата и странство | 109.421,00 | 130.992,00 |
| 3. | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 274.607,00 | 185.982,00 |
| 4. | Горива и масла | 99.419.00 | 135.595.00 |
| 5. | Прехранбени продукти, хигиенски средства | 17.721.00 | 29.232,00 |
| 6. | Организација на работилници | 6.600,00 | 7.640,00 |
| 7. | Регистрација и осигурување на возило, опрема и патничко осигурување | 68.972,00 | 36.382,00 |
| 8. | Поправка и одржување на возило | 8.563,00 | 3.650,00 |
| 9. | Сметководствени услуги | 162.840,00 | 90.570,00 |
| 10. | Договорни услуги и ПАВ | 357.560,00 | 940.189,00 |
| 11. | Други оперативни расходи | 161.868,00 | 174.503,00 |
| 12. | Финансирање на нови програми и подпрограми (проекти) | 23.627.810,00 | 76.079.165.00 |
| 13. | Купување на опрема | - | 9.299,00 |
| | **ВКУПНО:** | **29.137.119,00** | **82.210.180,00** |
| | *Пренесен вишок на приходи во наредна година* | *62.578.747,00* | *43.279.418,00* |

**ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ – ФАЗА 2**

Сметка на проектот: 8800061166785Н0
ЕДБ: 4080021136911
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| 1. | МЛС-SDC | 1.285.600,00 | 302.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **1.285.600,00** | **302.000,00** |
| | **РАСХОДИ** | **2022** | **2023** |
| 1. | Реализирани проектни активности | 757.400,00 | 403.200,00 |
| 2. | Административни трошоци за Бизнис Центар (плата и надоместоци) | 400.000,00 | / |
| | **ВКУПНО:** | **1.157.400,00** | **403.200,00** |
| | *За пренос во наредна година* | 128.200,00 | 27.000,00 |

**Изработил:**
Андреа Златковска
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
*Зујица Ангелова*